УСПИЖ.бр.1/2017

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Зирап Лимани и Рахилка Стојковска - членови на советот, одлучувајќи по жалбата на предлагачот Сојуз на синдикати на Македонија преку полномошник Адвокатско друштво Давидовиќ и Јанковиќ од Скопје, против решението на Управниот суд УСПИ.бр.2/2017, УСПИ.бр.3/2017 од 27.01.2017 година, во постапка за заштита на незаконито дејствие, на седницата одржана на ден 20.03.2017 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на Сојузот на синдикати на Македонија ,СЕ УВАЖУВА.

Решението УСПИ.бр.2/2017, УСПИ .бр.3/2017 од 27.01.2017 година на Управниот суд се УКИНУВА и предметот се враќа на истиот суд на повторно рагледување и одлучување.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со решението УСПИ.бр.2/2017, УСПИ.бр.3/2017 од 27.01.2017 година, го отфрлил предлогот на Сојуз на Синдикати на Македонија, за заштита поради незаконито дејствие да се задолжи Централниот регистар на Република Македонија, да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерсвото за труд и социјална политика од ден 14.11.2016 година на начин што ке го избрише името на лицето Живко Митревски, а ќе го впише името на овастеното лице Дарко Димовски како и предлогот за издавање на времена мерка.

Против наведеното решение предлагачот изјави жалба, од чија содржина произлегува дека решението го побива поради суштествени повреди на одредбите од постапката погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог побиваното решение да се укине и да му се наложи на Управниот суд мериторно да одлучи.

Врховниот суд на Република Македонија по извршениот увид во списите на предметот, обжаленото решение и извршната оцена на наводите на жалбата, најде:

Жалбата е основана.

Основани се жалбените наводи за суштествена повреда на одредбите од Законот за управните спорови, бидејки изреката на побиваното решение е нејасна и неразбирлива, противречи сама на себе си и на причините за одлуката во образложението не се наведени доволно образложени причини за решителните факти, а наведените се нејасни и противречни и немаат поткрепа во изведените докази.Поради ваквите недостатоци Врховниот суд на Република Македонија решението не може да го испита.

Од списите на предметот произлегува дека се основани жалбените наводи дека судот одлучувал надвор од поставеното барање.

Иако во предлогот за заштита поради незаконито дејствие во насловот стои, со предлог за издавање на времена мерка од петитумот на предлогот се гледа дека таков предлог односно барање нема од предлагачот, а судот Ultra Petitum го отфрлил предлогот за издавање времена мерка со содржина која не е наведена во предлогот за заштита од незаконито дејствие нуту се бара да се издаде времена мерка.

Провостепениот суд утврдил дека по истата работа била донесена правосилна одлука во Управниот суд-решение на овој суд Успи бр.24/2016 и Успи 25/2016 од 04.01.2017 година со кое предлогот за заштита поради незаконито дејствие и предлогот за издавање времена мерка се отфрлаат.Решението станало правосилно на ден 16.01.2017 година.Повикувајки се на одредбата од член 26 став 1 точка 6 од Законот за управните спорови, имајки во предвид дека во конкретниот случај предлагачот барал да се задолжи противникот Централен Регистар на Република Македонија да изврши упис на промена на овластено лице по барањето на Министерството за труд и социјална политика од 14.11.2016 година на начин што ќе го избрише името на лицето Живко Митревски, а ќе го запише името на овластено лице Дарко Димовски, за кое веќе била донесена правосилна судска одлука, се работело за ист правен интерес кај предлагачот и за исти странки со предметот Успи.бр.24/2016 и Успи.бр.25/2016 како и фактот дека во управен спор не може двапати во два различни предмети и по два предлога да се одлучува за законитоста на еден управен акт.Управниот суд заклучил дека се работи за пресудена работа.

Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека ваквиот заклучок на Управниот суд е погрешен и е резултат на погрешно и нецелосно утврдената фактичка состојба, а на која се повикува и жалителот во жалбата.

За да постои пресудена работа, во смисла на одредбата од член 26 став1 тока 6 од Законот за управните спорови неопходно потребно е судот да утрди дека веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор со која мериторно е одлучено за истата работа при тоа мора да постои субјективен и објективен идентитет помеѓу веќе предходно донесената мериторна одлука со повторно исто поставеното барање на предлагачот и помеѓу исти странки.Решението на Управниот суд

Успи.бр.24/2016 и Успи.бр.25/2016 од 04.01.2017 година не претставува правосилна мериторна одлука од причини што во таа постапка судот не одлучил мериторно по предлогот за заштита поради незаконито дејствие и предлогот за издавање на времена мерка, туку истите ги отфрлил од формални причини.

При повторното постапување имајки ги во предвид погоре наведените укажувања, Управниот суд треба да ги отстрани сторените суштествени повреди на Законот за управните спорови повторно да ги изведе предложените докази и со совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно, на сите докази заедно, како и врз основа на резултатите од целокупната постапка да ги утврди решителните факти и со правилна примена на материјалното право да донесе правилна и законита одлука.

Решено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 20.03.2017 година под УСПИЖ.бр.1/2017.

Претседател на советот-судија
Киро Здравев с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и секретар,